# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 30 Јануари 2015 година Скопје Бр.1 Год. X |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за давање на согласност на Правилникот за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈОУДГ„РОСИЦА“ Ѓорче Петров –Скопје ................................ стр. 2
2. Одлука за утврдување на почеток и завршување на работно време во ЈОУДГ „РОСИЦА“ Ѓорче Петров –Скопје .............................................................................................................. стр. 4
3. Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2015 година ............................................................ стр. 6
4. Одлука за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година ...................... стр. 8
5. Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров-финансиска помош на Кристијан Алексоски ........................................................................................................ стр. 10
6. Одлука за Изменување и дополнување на Програмата за Урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2015година ...................................................................................................... стр. 12
7. Одлука за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ДУП за СЗ 03, Општина Ѓорче Петров-Скопје ............................................................................................................ стр. 14
8. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 04, Општина Ѓорче Петров – Скопје ........................................................................................................ стр. 17
9. Одлука за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ОПШТ АКТ за село Ново Село, Општина Ѓорче Петров-Скопје ............................................................................................................ стр. 22
10. Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изработка на техничка документација за уредување на коритото на р.Лепенец"(Скопски Плански регион) ........................................................................ стр. 25
11. Одлука за давање приоритет за реализација на проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука " за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура .................................................................. стр. 27
12. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров ................................................................................. стр. 30


**Јануари 2015 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на согласност на Правилникот за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на директорот, јавните службеници и работниците во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА“ Ѓорче Петров –Скопје**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на Правилникот за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на директорот, јавните службеници и работниците во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА“ Ѓорче Петров –Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/1**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 116 став 1 алинеа 8 од Законот за заштита на деца (Службен Весник бр. 23/13, 12/14, 44/14 и 144/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник бр.5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница, одржана на 30.01.2015 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Правилникот за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на директорот, јавните службеници и работниците во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА“ Ѓорче Петров -Скопје**

**Член 1**

Се дава согласност на Правилникот за дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на директорот, јавните службеници и работниците во Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА“ Ѓорче Петров - Скопје број 01-9/3 од 12.01.2015 година, донесен на седница на Управниот одбор на ЈОУДГ„РОСИЦА“ Ѓорче Петров - Скопје на ден 12.01.2015 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-182/3** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.01.2015 година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на почеток и завршување на работно време во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА" Ѓорче Петров –Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на почеток и завршување на работно време во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА" Ѓорче Петров –Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/2**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на деца (Службен Весник бр. 23/13, 12/14, 44/14 и 144/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник бр.5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница, одржана на 30.01.2015 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на почеток и завршување на работно време во Јавната општинска установа за деца-детска градинка „РОСИЦА" Ѓорче Петров -Скопје**

**Член 1**

Се утврдува почетокот и завршувањето на работното време во Јавната општинска установа за деца - детска градинка „РОСИЦА" Ѓорче Петров – Скопје, од 06:00 часот до 18.00 часот, по барање на Управниот одбор на ЈОУДГ„РОСИЦА" Ѓорче Петров - Скопје , број 03-11/1 од 13.01.2015 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-182/4** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.01.2015 година** **Претседател,**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/3**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007) и член 16 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров –Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на 30.01.2015 година, донесе:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**На Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

| Ред. број | **АКТИВНОСТИ** | **Месеци во годината** |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува буџетскиот календар | **Јануари** |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2016 г. до сите организациони единици на општината, како и до сите буџетски корисници, т.е. Општински јавни установи | **До 30 Јуни** |
| 3. | Сите организациони единици и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции, како и извори на приходи | **Најдоцна до 20-ти Септември** |
| 4. | Министерството за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на Буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | **Најдоцна до 30-ти Септември** |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | **до 15-ти Октомври** |
| 6. | Градоначалникот организира собирти со граѓаните по Месни и Урбани заедници, на кои се истакнуваат проблемите и потребите на граѓаните | **од 01-ви до 10-ти Октомври** |
| 7. | Секторот за финансиски пашања го изготвува Предлог-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **до 10-ти Ноември** |
| 8. | Градоначалникот го претставува Предлог-буџетот на јавноста - граѓаните, Месни и Урбани заедници, медиум и т.н. | **До 30-ти Ноември** |
| 9. | Градоначалникот доставува конечна верзија на Предлог-буџет за наредната година до Советот на општината | **Најдоцна до 10-ти Декември** |
| 10. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | **Најдоцна до 31 Декември** |

Буџетскиот календар за 2015 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08 – 182/5**
**30.01.2015 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука измена со проширување на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Одлуката за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/4**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/2004,96/2004 И 67/2007), Советот на општина Ѓорче Петров на 30-та седница одржана на 30.01.2015 година, донесе:

# О Д Л У К А

**За проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**За 2015 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување и измена на распоредот на средства во Буџетот на општина **ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРО**

За **2015** година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки :** | | | | |
| **A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 754111 Други домашни задолжувања | 0 | 0 | 0 | 79.927.950 |
| | 0 | 0 | 0 | 79.927.950 |
| **JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | |
| 482120 Изградба на улици, патишта и автопати | 0 | 0 | 0 | 79.927.950 |
| | 0 | 0 | 0 | 79.927.950 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина **ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** и станува составен дел на Буџетот на општината за **2015** година.

Број 08 - 182/6
30.01.2015 година
Скопје

Совет на општина Ѓорче Петров
Претседател
Гоце Петрески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров-финансиска помош на Кристијан Алексоски**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров-финансиска помош на Кристијан Алексоски, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/5**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на ден 30.01.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на средства од Буџетот на**
**Општина Ѓорче Петров - финансиска помош на Кристијан Алексоски**

**Член 1**

На малолетното лице Кристијан Алексоски, без родители, му се одобрува исплата на месечен износ од 6.000,00 денари за период од 01.01.2015 до 30.09.2016 година, како финансиска поддршка за дете без родители.

**Член 2**

Средствата ќе бидат уплаќани на трансакциска сметка на законскиот застапник на малолетниот Кристијан Алексоски.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Одделението за финасирање и Буџет за извршување на Одлуката.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-182/7**
**Од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за Изменување и дополнување на Програмата за Урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2015година**

Се објавува Одлуката за Изменување и дополнување на Програмата за Урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/6**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став и член 62 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Р.М“. број 5/02) и член 17 став 1 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М.“ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 55/13, 163/13, 42/14 и 199/14), член 84 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Р.М.“број 7/11,53/11,144/12,25/13,137/13,163/13) и член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник“ на Општина Ѓорче Петров број 18/13“), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на 30.01.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за Изменување и дополнување на**
**ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ „Ф“**
**на Општина Ѓорче Петров за 2015година**

**член 1**

Во табелата за расходи група 42 – стоки и услуги, во делот за изработка на урбанистички планови под реден број 4, се додава реден број 5 во кој стои:

**5. Прифатени иницијативи за изработка на урбанистички планови – изменување и дополнување, финансирани со средства обезбедени од подносителот на барањето, согласно член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М“број 199/14).**

**член 2**

Оваа одлука за Изменување и дополнување, станува составен дел на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2015година.

**член 3**

Се задолжува Секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработи пречистен текст на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2015година.

**член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник“ на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-182/8** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.01.2015 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ДУП за СЗ 03, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ДУП за СЗ 03, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/7**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров- Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и член 24 и член 17-а од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 55/13, 163/13 и 42/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на 30.01.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ДУП за СЗ 03 Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се прифаќа иницијатива со број со број 26-59/1 од 21.01.2015год. за Изменување и дополнување на ДУП СЗ 03 Општина Ѓорче Петров-Скопје,** донесен на седница на Совет на општината со одлука број 07-4609/7 од 12.11.2014година.

**Член 2**

**Просторот кој е предмет за измена и дополнување на ДУП е КП 1033 на земјиште во приватна сопственост на подносителот.**

**Член 3**

**За планираната ГП 7.7 со ДУП се направи измена согласно член 13 – а (Измена за една градежна парцела), според постапка од член 24** Законот за просторно и урбанистичко планирање**.**

**Член 4**

**Со Одлуката за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ДУП** за предметната катастарска парцела **КП 1033** да се преиспитаат одредбите од ДУП за ГП 7.7 и да се обезбеди пристап до парцелта од ул. Тиранска и ул. „1" согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 142/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12 , 19/13, 167/13 и 37/14).

**Член 5**

Градоначалникот со Стручните служби од Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, по донесување на **Одлуката за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ДУП СЗ 03 Општина Ѓорче Петров-Скопје** да отпочне активности за навремено донесување на потребната документација, согласно одредбите од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 , 55/13, 163/13 и 42/14).

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-182/9**
**Од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 04, Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 04, Општина Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/8**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија" број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на 30.01.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 04, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

**Се донесува Детален урбанистички план, за Градска четврт СЗ 04**, Општина Ѓорче Петров – Скопје, со кој во целост се испочитувани одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година, Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/06, 37/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13 и 37/14).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува **Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 04 , Општина Ѓорче Петро-Скопје.**

Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:

- **север:** По осовина на собирната улица **Шарпланинска**;
- **исток:** По осовина на собирната улица "**Лука Геров** D.71- D.67"(по ГУП);
- **југ:** По осовина на собирната улица **Тиранска**;
- **запад;** По западниот крај на насипот на постојната железничка **пруга Скопје – Р.Косово**;

**Нацрт планот е утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров-Скопје**, со одлука број 07-96/11 ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 1/14) на 21.01.2014година. **Големината планскиот опфат изнесува 3.40 ха**.

**Член 3**

**Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 04 , Општина Ѓорче Петров – Скопје кој се донесува**, е изработен од ИН-ПУМА – Скопје, Институт за урбанизам, сообраќај и екологија, со технички број 107/2013.

**Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 04 , Општина Ѓорче Петров – Скопје е со следната СОДРЖИНА:**

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
**ГРАФИЧКИ ДЕЛ И**
**ПРИЛОЗИ**

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. Географско геодетско одредување на подрачјето на опфатот, граници и површина;
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето и неговата околина;
3. Податоци за природни чинители;
4. Податоци за создадените вредности и чинители;
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура;
6. Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини;
7. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура;
8. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби;
9. Анализа на степенот на реализација на важечки ДУП;
10. Анализа на можностите за просторен развој;
11. Други прилози;

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. Вид на план, назив на подрачјето и плански развој;
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат;
3. Просторен концепт;
4. Планска програма;
5. Опис и образложение на планските решенија за изградба;
6. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија;
7. Мерки за заштита и спасување;
8. Нумерички дел;
9. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат;

10. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат за секој помал опфат;

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. Извод од Генерален урбанистички план на Град Скопје -------------- 1:5000;
2. Ажурирана геодетска подлога -------------- 1:1000;
3. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби------ 1:1000;
4. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура; -------------- 1:1000;
5. Сателитска снимка -------------- 1:2500;

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. Регулационен План -------------- 1:1000;
2. План на површини за градење -------------- 1:1000;
3. Сообраќаен и Нивелациски План -------------- 1:1000;
4. Инфраструктурен План -------------- 1:1000;
5. Синтензен План -------------- 1:1000;

**ПРИЛОЗИ**

1. Планска Програма;
2. Извод од Генерален урбанистички план на Град Скопје;
3. Геогетски елаборат;

- Друга документација

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**Член 4**

Донесениот Детален урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на **Деталниот урбанистички план, Градска четврт СЗ 04**, Општина Ѓорче Петров – Скопје, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

**Деталниот урбанистички план, Градска четврт СЗ 04**, Општина Ѓорче Петров – Скопје, со сите негови делови е составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Член 7**

**Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план, Градска четврт СЗ 04,** влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник " на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-182/10**
**Од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ОПШТ АКТ за село Ново Село, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ОПШТ АКТ за село Ново Село, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/9**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник" на Општина Ѓорче Петров број 18/13") и член 24 и член 17-а од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на 30.01.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ОПШТ АКТ за село НОВО СЕЛО, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се прифаќа иницијатива со број 26-33/1 од 12.01.2015год. за Изменување и дополнување на ОПШТ АКТ за село НОВО СЕЛО Општина Ѓорче Петров-Скопје,** донесен на седница на Совет на општината со одлука број 07-3669/9 од 27.08.2014година.

**Член 2**

**Просторот дефиниран како предмет за измена и дополнување е со идентична граница на ОПШТ АКТ за село НОВО СЕЛО, Општина Ѓорче Петров – Скопје, се однесува на измена на намена за** катастарска парцела КП 678/2 и 388/2 , со имотен лист бр.50095 и 91315, Ко Ново Село Општина Ѓорче Петров–Скопје и е во приватна сопственост на подносителот.

**Член 3**

**Предметната КП е во планскиот опфат** на овој Општ акт, која е во планирана наменска зона со основна класа на намена **А1- домување во станбени куќи**, по барање на подносителот на барањето да се планира како класа на намена **Г – Производство, дистрибуција и сервиси, односно Г2 - лесна незагадувачка ин дустрија.**

**Член 4**

**Со Одлуката за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ОПШТ АКТ за село НОВО СЕЛО Општина Ѓорче Петров-Скопје, на** предметната катастарска парцела КП 678/2 и 388/2 да се дефинираат урбанистички параметри согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 142/12, 55/13,

163/13 и 42/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12 , 19/13, 167/13 и 37/14).

**Член 5**

Градоначалникот со Стручните служби од Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, по донесување на **Одлуката за прифаќање иницијатива за Изменување и дополнување на ОПШТ АКТ за село НОВО СЕЛО Општина Ѓорче Петров-Скопје** да отпочне активности за навремено донесување на потребната документација, согласно одредбите од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13).

**Член 6**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Член 7**

Утврдениот Детален урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Број 08-182/11**
**Од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ко-финансирање на проектот за "Изработка на техничка документација за уредување на коритото на р.Лепенец"**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот за "Изработка на техничка документација за уредување на коритото на р.Лепенец, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/10**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата Седница одржана на ден 30.01.2015 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За ко-финансирање на проектот за "Изработка на техничка документација за уредување на коритото на р.Лепенец"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува проектот за "Изработка на техничка документација за уредување на коритото на р.Лепенец", Општина Ѓорче Петров и негово ко-финансирање.

**Член 2**

Проектот "Изработка на техничка документација за уредување на коритото на р.Лепенец", се одобрува за ко-финансирање со цел аплпицирање од страна на Општината со проектен предлог до Министерство за Локална Самоуправа/ Биро за регионален развој/Програма за рамномерен регионален развој за 2015 година.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ја ко-финансира реализацијата на Проектот доколку истиот биде избран за финансирање од страна на Министертво за локална самоуправа/Биро за регионален развој со 12,5% од вкупната негова вредност, односно 242.000, 00 денари.

За оваа намена Општината ги има планирано овие средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2015 година бр.07-5125/6, донесен од Советот на 18.12.2014 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-182/12**
**Од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање приоритет за реализација на проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука " за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура**

Се објавува Одлуката за давање приоритет за реализација на проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука " за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/11**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата Седница одржана на ден 30.01.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање приоритет за реализација на проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука" за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава приоритет за реализација на проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука ", за аплицирање за неповратни средства (грант) од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура од страна на единиците на локална самоуправа во Р.Македонија, по **ЈАВЕН ПОВИК БР. 01/2015** објавен **од** Министерството за финансии на Р.Македонија.

**Член 2**

Аплицирањето за добивање на неповратни средства, односно доделување финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа наменета за подобрување на нивото на општински услуги, е со цел да се реализира проектот "Изградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука ",

**Член 3**

Се одобрува Општина Ѓорче Петров на овој Јавен повик да аплицира за добивање на неповратни средства на 120.000,00ЕУР (7.380.,000,00МКД без вклучени 18%ДДВ), со цел да се реализира проектот "Доизградба на фекална канализациона мрежа за реонот на с.Волково, Стопански Двор и Кисела Јабука" .

**Член 4**

Со средствата добиени од ЕУ-ИПА грантот за рурална инфраструктура (120,000ЕУР), ќе се изведат вкупно 2.356,59m', од кои 503,35m' во реонот на Кисела Јабука (крак 119, 550, 551 и 552) и 1.853.24m' во реонот на Волково (крак 1, 6, 7, 10, 11, 123, 127 и 128).

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров ".

**Број 08-182/13**
**Од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст), (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесеттата Седница на Советот, одржана на ден 30.01.2015 година.

**Број 09-302/12**
**од 30.01.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27 став 1 и 29 од Законот за семејство („Службен Весник на Р.М.број 80/92, 9/96, 19/2000, 79/01, 38/04, 60/05, 33/06, 84/08, 117/09, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М." бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 30-тата седница одржана на ден 30.01.2015 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на член 1 алинеја 1 од Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за избор на членови на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови во Матична служба на Град Скопје и Месните канцеларии во Општина Ѓорче Петров број 07-1912/13 од 13.06.2014 година („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 7/134) како што следи:

- за член во матична служба на месната канцеларија во Општина Ѓорче Петров, се разрешува Виктор Перовски, а се избира Марија Тодороска.

### Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-182/14**
**од 30.01.2015година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**